Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 09-249/14
29.02.2024 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

До

Градоначалник на Град Скопје

Скопје

Предмет: **Предмет**:Барање за ослободување од надомест за употреба на градежно земјиште

Почитувана Градоначалничка,

Ве информираме дека на ул.,,Јордан Хаџи Шишков'' бр. 36 на КП 1750 КО Бутел, комплекс 24/4 градежна парцела 8.49 , ќе се гради доградба и надградба на општинската зграда, која е од големо значење за унапредување на условите и просторните капацитети на општината.Изработена е комплетната проектна документација за истата и поради добивање на одобрение за градба, целокупната проектна документација е прикачена на информацискиот систем е-одобрение за градба.

Советот на Општина Шуто Оризари на својата 29-та (дваесетидеветта) седница на ден 28.02.2024 година, донесе Одлука со арх.бр,08-249/1 од 29.02.2024 година од општината во својство на коинвеститор, да биде ослободена од надоместокот за употреба на градежно земјиште за Општина Шуто Оризари во износ од 40%, со вкупна сума од 583.551,00 (петстотиниосумдесетитриилјадиипетстотинипедесетиеден) денари и истата да биде инвестирана, за финансирање на доградбата и надградбата на општинскатазграда

Согласно Вашата пресметка со бр.24/13-2288/1-ПР од 27.02.2024 година за надомест за употреба на градежно земјиште за Град Скопје на износ од 875.327,00 (осумстотиниседумдесетипетилјадиитристотиниидваесетиседум) денари, а со оглед дека се работи за објект од јавен интерес, Ве молиме да излезете во пресрет на ова наше барање и Советот на Град Скопје да донесе Одлука, општината Шуто Оризари како коинвестинвеститор, да биде ослободена од надоместок за употреба на градежно земјиште за преостанатиот износ од 60% со вкупна сума од 875.327,00 (осумстотиниседумдесетипетилјадиитристотинидваесетиседум) денари, кои му припаѓаат на Град Скопје, а кои ќе бидат инвестирани во доградбата и надградбата на општинската зграда.Ве информираме дека Вакво барање е доставено и до Советот на Град Скопје.

Во прилог на ова наше барање, Ви доставуваме еден примерок од Одлуката на Советот на Општина Шуто Оризари и еден примерок од Решението од Градоначалникот на Општина Шуто Оризари за ослободување од надоместокот за употреба на градежно земјиште и еден примерок од барањето до советот на град Скопје.
Со почит,

Општина Шуто Оризари
Градоначалник
Курто Дудуш